**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** **Ф 8.3/2**

# Јавен увид од 15-ти до 30-ти Јуни, 2022година

## Предлог „Родово одговорна стратегија за одржлив развој на општина Крива Паланка (2022-2027)".

Една од клучните основи за изработката на оваа стратегијата е внесувањето на концептот на родова еднаквост. Овој концепт е дел од националната политика на државата, изразена како преку Уставот така и преку законските решенија кои се на сила, а кои ја обезбедуваат овозможувачката околина за воведување на принципот на вклучување на родот во сите сфери на општествениот живот. Сепак овие политики, за да имаат влијание врз благосостојбата и унапредувањето на животот на граѓаните, треба да бидат проследени и со насочени интервенции на локално ниво коишто, доколку континуирано се спроведуваат, ќе доведат и до видливи промени. Општините, како ниво на власт кое е најблиско до граѓаните, ја имаат најдобрата можност да придонесат за состојбата на жените и мажите во заедницата и директно да влијаат во насока на подобрување.

Во таа насока, воведувањето на родовата перспектива во Стратегијата за одржлив развој се однесува на процес кој што се стреми да обезбеди жените и мажите да имаат еднаква улога во донесувањето одлуки за развојот, односно да имаат еднаков пристап и контрола врз ресурсите и да уживаат еднаква добробит од развојот.

Процесот на изготвување на Стратегијата беше партиципативен и транспарентен со вклучување на сите клучни засегнати страни и со посебен фокус на родовата интеграција во сите аспекти на процесот.

Избраната методологија го користеше пристапот „од долу нагоре" (bottom up) и процесот на изработка го организираше во циклус од три работилници и консултации со градоначалникот, општинската администрација, советот и останатите чинителите/засегнати страни во периодот меѓу работилниците и во завршната подготовка на документот.
Работилниците имаа за цел да ги вклучат чинителите и од нив да генерираат податоци, ставови и идеи и истите да ги вградат во развојниот процес на изработка на документот. Консултациите, пак, се однесуваа и беа насочени кон добивање дополнителни информации, ставови и идеи од учесниците на работилниците и преку нив од локалното население заради посеопфатно и структурирано искористување на општинските капацитети, знаења и вештини во дефинирање на стратегијата.

Предлог текстот на стратегијата за одржлив развој на Крива Паланка / „Родово одговорна стратегија за одржлив развој на општина Крива Паланка (2022-2027)", ќе биде достапна за увид на web страницата на општината www.krivapalanka.gov.mk во периодот од 15 до 30 Јуни, 2022г. и во просториите на Одделението за Јавни дејности, ЛЕР и ИТ во општината.

**Сите заинтересирани граѓани своите, предлози и забелешки може да ги доставаат во овој период во писмена, усмена и електронска форма.**

Писмените предлози може да ги достават лично во архивата на општината или на адреса:
Општина Крива Паланка
Со назнака - предлог за стратегија 2022 -2027
Ул. Свети Јоаким Осоговски 175,
1330 Крива Паланка

Усмените предлози може да ги дадат лично во општината, во просториите на одделението за јавни дејности. ЛЕР и ИТ - одговорно лице Лидија Митовска

На имеил:
lmitovska@krivapalanka.gov.mk
lstojanovska@krivapalanka.gov.mk

информација :
По завршување на јавниот увид и добиените предлози од граѓаните, на текстот на предлог стратегијата ќе следи ревизија, доработка и лекторирање согласно добиените предлози , пред да биде доставен на општинскиот совет на расправа и усвојување.
Затоа ве замолуваме да имате предвид дека во моментот предлог текстот на стратегијата што е ставен на увид, за да не ги дуплираме работите може да има граматички и семантички грешки.

**Моето мото и работа кон која се стремам и ја практикувам како градоначалник е поголемо директно партиципативно вклучување на граѓаните во одлучувачките процеси и креирањето на локалните политики.**

**За нас како локална власт граѓанинот е на прво место и неговите потреби и приоритети, но никој подобро од самиот граѓанин не знае што е тоа што го засега и кои се неговите приоритети.**

**Почитувани граѓани ги очекуваме Вашите предлози!**

**Бидете поздравени!**

**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**